# Политика за безбедност и здравје при работа

**МАКСТИЛ АД** ја утврдува оваа политика за безбедност и здравје при работа поради обезбедување на највисок приоритет на безбедноста и здравјето во сите активности на работењето. Безбедноста е над било кој друг интерес и се што се работи, се работи на безбеден начин. Ако тоа не е можно, истото нема ни да го правиме.

**За постигнување, одржување и зајакнување на безбедноста и здравјето при работа, трајно се обврзуваме:**

- Да обезбедиме безбедно работно опкружување за нашите вработени, соработници и посетители, со вложување во безбедна опрема и машини;
- Непрекинато да ги усовршуваме нашите системи и процеси;
- Да ги исполнуваме законските барања;
- Да ја промовираме безбедноста при работата и заштитата на здравјето помеѓу нашите вработени и да ја подобруваме безбедносната култура на организацијата;
- Да бидеме одговорни кон вработените преку воведување на безбедносни мерки, намалување на ризикот од повреди и здравствени проблеми;
- Политика на нашата фирма е работата да се извршува на најбезбеден начин согласно светките стандарди кои се применуваат во металургијата;
- Идентификување на секоја потенцијална опасност по безбедноста на работниците,
- Постојана посветеност на нашиот тим кој е задолжен за безбедноста за следење на сите процеси во работењето на местото каде се изведуваат работите;
- Се залагаме за редовни контроли за идентификување на било какви недостатоци во безбедноста на работењето и елиминирање на било каква потенцијална незгода;
- Да соработуваме со сите заинтересирани страни со отворен дијалог, со цел заеднички да се допринесе за подобрување на безбедноста и здравјето при работата.

Сите вработени, соработници и посетители мораат да се придржуваат до процедурите за безбедност и здравје при работа и активно да придонесат со предлози и одговорно однесување со цел подобрување на работното опкружување.

***БЕЗБЕДНОСТА ПРЕД СЕ!***

Издание 2
Јуни 2022

Марија Дуковска Павловска
Генерален директор